Агенција на Република Македонија за приватизација

Никола Вапцаров 7, п.ф. 410, 1000 Скопје
Тел.: +389 2 117-564 Факс: +389 2 126-022
e-mail: agency@mpa.org.mk http://www.mpa.org.mk

Агенција на Република Македонија
за приватизација
Бр. 02-4086/3
30.08. 2002 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на Решението број 23-3973/2 од 27.08.2002 донесено од Владата на Република Македонија како и на член 105 од Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал и член 29 од Статутот на Агенцијата на Република Македонија за приватизација, Директорот на Агенцијата донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

1. Се поништува Решението на Агенцијата бр.2086 од 23.08.1994година.

2. Претпријатието АД"ФЕРШПЕД"-СКОПЈЕ не можело да изврши трансформација со примена на Законот за општествен капитал од следните причини:

а) Општествениот капитал кој е основ за издавање на интерни акции за прибирање на дополнителен капитал по Законот за општествен капитал не е правилно утврден од причина што согласно член 7 од истиот Закон, од општествениот капитал се иземаат средствата што други правни лица ги здружиле или пренеле во претпријатието, а кои не им се вратени.

б) Претпријатието е формирано со средства од Јавното претпријатие ЖТП – Скопје, што е утврдено исто така и со претходниот извештај на Управата за јавни приходи број 438 од 24.05.1994 година, а што е внесено и во прилог 2 од судската регистрација (Срег. бр.1944/89 од 29.12.1989 година).

в) Основачкиот влог на Јавното претпријатие ЖТП – Скопје изнесува 51% од вкупниот капитал на АД"ФЕРШПЕД"-СКОПЈЕ и истиот не може да биде предмет на приватизација по Законот за општествен капитал.

### О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на Решението број 23-3973/2 од 27.08.2002 година донесено од Владата на Република Македонија со ова Решение се поништува Решението за извршена сопственичка трансформација на АД"ФЕРШПЕД"-СКОПЈЕ бр. 2086 од 23.08.1994, а во врска со Извештајот број 14-8/611/2 од 12.07.2002 година од Министерството за финансии-Управа за јавни приходи, Регионална дирекција- Скопје за извршена контрола на исправноста и законитоста во спроведување на постапката на трансформација на општествениот капитал кај АД"ФЕРШПЕД"-СКОПЈЕ, како и Одлуката бр.02-4086/1 од 30.08.2002 година на Управниот одбор на Агенцијата на Република Македонија за приватизација.

Врз основа на изнесеното се реши како во диспозитивот.

Душко Аврамски
Заменик директор

Агенција на Република Македонија за приватизација Скопје